РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-1906/4
16-09-2020 г./v.

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител (анонимна пријава) на третото продолжение на 38-та седница одржана на 14.09.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-5048/1 од 04.11.2019 година оформен по пријава од непознат подносител (анонимна пријава) доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-5048/1 од 04.11.2019 година, поради тоа што во конкретниот случај постапиле и постапуваат други надлежни органи (Државниот просветен инспекторат и други институции) кои во рамките на своите надлежности преземале/ аат конкретни мерки согласно закон.

Предметот со број 12-5048/1 од 04.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-5048/1 од 04.11.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата се наведуваат наводи за сомневања за незаконитости во постапката за вработување на лицето ------ во ЈОУДГ ----------- Скопје. Во пријавата се укажува на сомневање за поднесување на диплома за завршено средно образование во приватното средно училиште -------- на незаконит начин без посета на настава и полагање на испити. Лицето --------- врз основа на оваа диплома на 01.11.2018 година засновала работен однос како негувателка во ЈОУДГ -----------, Скопје.

Со цел проверка на основаноста на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-1906/1 од 07.05.2020 година до Државниот просветен инспекторат со кое побара да изврши вонреден инспекциски надзор на постапката за вработување на лицето -------- во ЈОУДГ "--------------,Скопје во однос на тоа: дали лицето -------- го исполнила условот за завршено средно образование со поднесување на диплома за завршено средно образование кој се бара како услов при засновање на работен однос во ЈОУДГ "-------------,Скопје, дали стекнатата диплома за завршено средно образование во приватното средно училиште "----

----" била земена како релевантен документ при утврдувањето на исполнетоста на условите за избор на најповолен кандидат за вработување, дали на 01.11.2018 година лицето -------- засновала работен однос како негувателка во ЈОУДГ "-----------, Скопје на определено или на неопределено време, како и други релевантни податоци кои се од значење за конкретниот случај и за резултатите од извршениот вонреден инспекциски надзор да се извести Државната комисија.

Од Државниот просветен инспекторат во законски утврдениот рок беше доставен одговор по барањето на ДКСК.

При разгледување на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид предметните наводи и прибавените податоци од други надлежни институции, при што го утврди следното:

- На ден 20.05.2020 година по барање на ДКСК, Државниот просветен инспекторат постапил и е извршен надзор во градинката ЈОУДГ "-----------------, каде што е утврдено дека лицето ---------- била ангажирана со договор за соработка, односно договор за дело и истата работела како негувателка. Согласно одредбите од Законот за детска заштита, негувателките е потребно да имаат завршено средно образование и истата при потпишувањето на Договорот приложила диплома на име ---------. (моминското презиме на ------------). Дипломата за завршено средно образование е од Државното средно образование и техника "Арсени Јовков"Скопје. ---------- ја презентирала дипломата во оригинал додека во предметот оставила фотокопија од истата. На крајот на месец јуни било побарано од сите вработени со договор за дело да донесат дипломи за средно образование заверени на нотар. -------- доставила фотокопија од дипломата заверена на нотар. Во меѓувреме --------- од Агенцијата за вработување на РСМ ја повлекла дипломата од -------------- Скопје и се пријавила со нова диплома од Приватното средно сообраќајно училиште ---------во ЈОУДГ --------------.

-на 26.09.2018 г. од страна на градинката ЈОУДГ --------------- е објавен јавен оглас за вработување на 4 (четири) негувателки, на кој лицето ------------ се пријавила со потребните документи. По завршување на постапката за вработување и пријавата во редовен работен однос, направен е надзор од соодветното одделение при општината Шуто Оризари при што е констатирано дека приложената Лиценца за негувателка е издадена врз основа на диплома за завршено средно образование во СЕТУГС "---------------, а во Агенцијата за вработување на РСМ лицето ---------- е пријавена како дипломиран техничар за патен сообраќај, што ја навело соодветната служба за можни нерегуларности при стекнување на Лиценцата за негувателка на --------. Поради сето гореспоменато, од страна на соодветното надлежно одделение при општина Шуто Оризари поднесена е пријава до МВР–СВР Скопје - Единица за економски и компјутерски криминал Скопје за утврдување на вистинитоста на издадените Диплома за завршено средно образование издадена од ------------------ и диплома за завршено средно образование издадена од Приватното средно училиште "--------" Скопје. Поради сето ова постапката за вработување во ЈОУДГ ---------------на лицето ----------- е поништена и истата е одјавена како вработена. Државниот просветен инспекторат при извршениот инспекциски надзор не нашол пропусти во самата постапка за вработување од страна на градинката.

- Извршен е надзор во СЕТУГС "-------------------, каде е констатирано дека дипломата за завршено средно образование на лицето ---------------не е издадена од страна на училиштето, односно во училиштето нема ниту еден доказ дека лицето ------------ регуларно се запишала на како редовен ни како

вонреден ученик, не пријавувала и полагала испити од прва до четврта година, а исто така не е заведена во Главните книги во училиштето дека се стекнала со Диплома за завршено средно образование бр. 08-120/1 – 483 од 20.06.2008 г. Поради вака констатираната фактичка состојба, Државниот просветен инспекторат ќе го извести Јавното обвинителство за организиран криминал за преземање на соодветни мерки кои се во нивните надлежности.

- Извршен е надзор во Приватното средно образование ----------" каде што не се констатирани никакви неправилности при запишување, полагање на испитите од прва до четврта година на лицето --------------- како и при издавањето на Дипломата за завршено средно образование со бр. 10-09/5 од 02.07.2018 година која е веродостојно заведена во главна книга бр. 2 под реден број 26.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во предметниот случај постапиле и постапуваат други надлежни органи (Државниот просветен инспекторат, надлежно одделение при општина Шуто Оризари и други институции) кои во рамките на своите надлежности преземале/ аат конкретни мерки согласно закон, поради што ДКСК заклучи дека елементи за нејзино натамошно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**